ОКТА

ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
E-mail : tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1911/20**
Дата : **19/11/2020**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **30/11/2020**

**До:**
E-mail :
Број на страни: 4+ 1+3+75

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани Господа,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за **Изработка на урбанистички план комплет со инфраструктура ( кабелски врски и кабелски рути, трафостаници, пристапни патишта и сл.) за дефинирање, на земјиште од 10 до 12 хектари на кое се планира изградба на Фотоволтаични централи.**

Потребната тендерска документација која се состои од:

- **Урбанистички план,**
- **Слика од теренот на кој е планирано изградба на Фотоволтаични централи и**
- **Иницијатива доставена до Општина Илинден за измена и дополнување на УПВНМ на ОКТА АД Скопје,**

ќе Ви биде доставена, по Ваша потврда за учество на тендерот.

## 1. Инструкција за понудувачите:

### 1.1 Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од три (3) работни денови од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку e-mail до лицата за понатамошна комуникација:

| | |
|---|---|
| телефон: | **02-2532-215** |
| | **02-2532-241** |
| мобилен: | **076-221-838** |
| | **076-344-493** |
| E -mail : | adimitrievski@helpe.gr |
| | tveljanovski@helpe.gr |

Ве молиме во Вашето Известување да ги наведете и следните податоци:

- Име на Вашата компанија;
- Име и презиме на лицето одговорно за доставување понуда;
- Телефон и E-mail на одговорното лице.

**Ве молиме сите прашања во врска со тендерот и техничката документација да ги доставите писмено на следниве контакти во ОКТА:**

- Надја Хокоциан – тел - 076 282 960, anadja@helpe.gr
- Елеонора Беќаровска – тел- 075-475-598, ebekarovska@helpe.gr

## 2. Доставување на понуди

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1911/20”**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **“ФИНАНСИСКА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

**<u>Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 30/11/2020год. до 16:00 h.</u>**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

## 3. Тендерска документација

### 3.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт:

3.1.1 Валидна лиценца за урбанистичко планирање;
3.1.2 Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија ;
3.1.3 Документ за регистрација од централен регистар на Република Северна Македонија;
3.1.4 Референтна листа за изведени урбанистички проекти за индустриски капацитети, пренамена на земјиште и други урбанистички проекти

3.1.5 Време на изработка;

**3.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

**3.2.1** Понудата која треба да содржи Единечна цена во МКД без ДДВ за изработка на урбанистички план комплет со инфраструктура ( кабелски врски и кабелски рути, трафостаница, пристапни патишта и сл.) за дефинирање на , на земјиштето од 10 до 12 хектари на кое се планира изградба на Фотоволтаични централи согласно приложената документација.

**Напомена:** Во финансиската понуда освен информација за вкупна понудена цена, задолжително да се достави и поединечна цена за секоја фаза која е опфатена со урбанистичкиот проект.

## 4. Евалуација на понудите

Евалуација на понудите ќе се врши согласно критериумите:

- Цена
- Квалитет ( Согласно доставената техничката документација)
- Време на изработка

**Напомена:** На понудувачите кои не ги исполниле условите од техничката понуда нема да им се отвора ковертот од Финансиската понуда.

## Завршни одредби

- Со доставување на Понудата, понудувачите се изјаснуваат дека го имаат разработено ова Барање и се целосно свесни за релевантните барања што се вклучени во овој документ и се одговорни за содржина на нивната Понуда;
- Нашите услови на плаќање се "40 дена од датата на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од 5 (пет) работни денови по тој датум;
- Понудите треба да бидат доставени во затворени, јасно обележани коверти. Понудите испратени на E-mail нема да бидат разгледувани;
- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и се одбере најповолниот понудувач;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;

- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА наведени во точка 1.1. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози;
- ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-мејловите: tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr .

Менаџер на Набавка,
Александар Димитриевски